АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИНФОРМАТОР

БРОЈ 77 Декември 2008

## ОДЗЕМЕНИОТ ПРЕДМЕТ НА РАБОТА - МОЖНОСТ ЗА ШТРАЈК

Во последните неколку месеци беа донесени повеќе законски одредби, кои предизвикаа огромно незадоволство кај адвокатите, што може да се констатира и од бројните реакции и претставки кои секојдневно пристигнуваат во Адвокатската комора на Република Македонија, а кои во најголем дел се однесуваат на следното:

1. Донесувањето на **Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување** (Сл.Весник на РМ бр.142/08 од 10 ноември 2008 година), со кој **основицата за пресметка на придонеси за адвокатите се утврдува на износ од две просечни плати во Републиката објавена во тековниот месец.**
2. **Проблемите со евентуалната фискализација на адвокатите**, кои се јавуваат поради **недонесувањето на Законот за адвокатска маркичка.**
3. Донесувањето на **нова Национална класификација на дејности**, со која е **укината посебната шифра на дејност на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи**.

На заеднички состанок на Управниот одбор на АКРМ и членовите на останатите органи и тела на АКРМ, односно дисциплинскиот обвинител на АКРМ, членовите на Дисциплинскиот суд, членовите на Жалбениот совет и членовите на Надзорниот одбор, како и претседателите на повеќе адвокатски заедници, а одржан по повод претходно добиени известувања од адвокатските заедници каде беа доставени повеќе барања од страна на адвокатите, заедно со поддршка за активирање на одлуката за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници донесена од страна на Собранието на АКРМ, како највисок орган на Комората, беа донесени следните заклучоци:

1. Да се оствари итна средба со премиерот и директорот на УЈП, каде ќе се истакнат барањата на адвокатите и ќе се укаже на одлуката за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници.
2. Адвокатите да се изземат од плаќање на придонеси согласно новиот Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување се до донесување на Законот за адвокатска маркичка, а до тогаш да се пресметуваат придонесите како и до сега.
3. Фискализацијата на адвокатите да се регулира со Законот за адвокатска маркичка.
4. Да се бара измена на Националната класификација на дејности и да се врати шифрата "адвокатски работи"
5. Доколку овие барања не се исполнат до 31.01.2009 година, се овластува Управниот одбор на АКРМ со своја одлука да ја активира одлуката на Собранието на АКРМ за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници, за што адвокатските заедници дадоа целосна поддршка преку доставените известувања.

*продолжува од стр.1*

6. Да се поведат постапки за оценување на уставноста и законитоста на постоечките закони.
7. Да се иницира постапка за воведување на адвокатски печат во сите судски и управни постапки, како и пред нотар и извршител.
8. Веднаш од судовите да бидат иселени лицата кои не се вработени во судовите, а кои имаат судски печат (лица вработени во разни друштва што вршат комунални дејности), бидејќи другите странки во однос на нив се нерамноправни, односно истото е во спротивност со начелото на еднаквост на странките.
9. Веднаш од судовите да бидат отстранети стаклата од шалтерите, со цел да се сочува достоинството на странките.

Со гореневедените законски одредби се зголемуваат давачките на адвокатите, а истовремено се одзема нивниот предмет на работа, со што е загрозен опстанокот на огромен број адвокати, како и опстанокот на адвокатурата, воопшто, како независна и самостојна јавна служба, утврдена со Уставот на РМ.

Со одредбата со која основицата за пресметка на придонеси за адвокатите се утврдува на износ од две просечни плати во Републиката објавена во тековниот месец, адвокатите, како и другите вршители на професионални и други интелектуални услуги, кои се самовработни се ставаат во нерамноправна положба во однос на останатите граѓани, што значи дека се работи за неуставна одредба.

Адвокатите секојдневно се повеќе се соочуваат со проблеми во сферата на фискализацијата на адвокатурата. Овие проблеми одамна требаше да бидат решени со воведување на адвокатската маркичка во фискалниот систем, односно со донесување на Законот за адвокатска маркичка. Адвокатската маркичка ќе обезбеди контрола на приходите на адвокатите и ќе помогне при решавање на проблемот со надриписарството. Законот за адвокатска маркичка е предвиден со одредбите на Законот за парнична постапка. Значи, барањето за донесување на Законот за адвокатска маркичка не претставува само став, односно барање на адвокатите, туку истото претставува обврска утврдена со закон.

Во рамките на новата Национална класификација на дејност во одделот 69 - Правни и сметководствени дејности е наведена групата 69.1 - Правни работи.

Оваа група опфаќа само една класа 69.10- со идентичен назив како и групата- Правни работи, со која се опфатени сите видови правни работи.

Воопшто не се врши поделба на оваа класа на подкласи со што би се извршило разграничување на адвокатските работи кои ги вршат лиценцираните адвокати, од другите правни работи на останатите нелиценцирани вршители на оваа дејност.

Постоењето на една општа класа правни работи со која се опфатени сите видови правни работи, создава можност без никакви предуслови, да се основаат трговски друштва, кои како своја претежна дејност ја регистрираат дејноста правни работи, без притоа да се бараат било какви дипломи за завршен правен факултет од основачот или управителот, ниту пак потврди за положен правосуден испит.

Понатаму, воведувањето на општа класа правни работи значи легализација на надриписарството во Република Македонија, задоволување на интересите на одредени поединци, кои без било какви лиценци, без осигурување од одговорност спрема клиентите, непрофесионално и нелегално даваат правни совети, составуваат правни дела, правни лекови, па и застапуваат пред правосудните органи, со што се внесува хаос и правна несигурност на граѓаните при добивањето на правна помош, нелојалната конкуренција, односно одземање на предметот на работа на адвокатите, како и минимизирање на адвокатската професија.

Веднаш по одржаниот заеднички состанок на Управниот одбор на АКРМ и членовите на останатите органи и тела на АКРМ, е испратен допис до Премиерот на Република Македонија со барање за итна средба, а каде воедно се истакнати и барањата на адвокатите и е укажано на одлуката за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници.

**ВО ТЕКОТ НА 2008 ГОДИНА ВЕ ИНФОРМИРАВМЕ**

***Јануари***

- Донесена Одлука за измена и доплнување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.
- Апликација за поединечно зачленување во Интернационалната Унија на адвокати - УИА
- Продолжува соработката на АКРМ и ОБСЕ.
- Понуди за изучување на странски јазици.
- Иницијатива до Врховниот суд на РМ со цел да им се излезе во пресрет на старите, изнемоштени и инвалидизирани лица и да им се овозможи полесен пристап до судовите.

***Февруари***

- Одржан семинар на тема "Новини воведени со Новиот Закон за вонпарнична постапка и Закон за управни спорови".
- 5000 ЕУР - Поддршка од ЦЦБЕ. Советот на комори и правни друштва на Европа ја ослободи Адвокатската комора на РМ од обврската за плаќање на членарина во висина од 5.000 ЕУР.
- Став на Адвокатската комора на Република Македонија во однос на примената на член 86 од Законот за парнична постапка, доставен до Врховен суд на РМ, Апелациониот суд, Основен суд Скопје 2, и до Судскиот Совет.
- Од работењето на Адвокатските Заедници.

***Март***

- Одржан семинар на тема "Закон за парнична постапка и Посебни истражни мерки".
- Дописи до сите судови со цел да се обезбедат простории во рамките на судовите, наменети за адвокати.
- Соработка на АКРМ и Универзитетот на Југоисточна Европа - понудени програми за постдипломски студии за адвокати, стручни соработници и приправници.
- Подршка на Иницијатива пред Врховен суд на РМ, во однос на пасивната легитимација на Република Македонија, кога се јавува како тужена странка во граѓанските спорови.
- Информација од Институтот за судска медицина и криминалистика.

***Април***

- Доделено признание на Г-ѓа Џилиен Миловановиќ, амбасадор на САД во Република Македонија за успешна соработка со Адвокатската комора на Република Македонија.
- Едногласно реизбран за претседател на УО на АКРМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ, а за заменици претседатели едногласно се реизбрани Г-ѓа Дивна Павлоска и Г-дин Шпенд Деваја.
- Доставување на полиси за осигурување од одговорност на адвокати.
- Одржан семинар на тема "Стечај", организиран во соработка со Вишиот трговски суд во Загреб, Хрватска.
- Соработка на АКРМ со Програмата за развој на Обединетите нации УНДП.
- Апели за помош.

***Мај***

- 53-то Годишно Собрание на Адвокатска комора на Република Македонија.
- Одржана манифестацијата Отворен ден на адвокатурата.
- Избран нов член на Управниот одбор на АКРМ, Г-дин Никола Дабиќ, адвокат од Битола.

***Јуни - Август***

- Донесен по итна постапка Закон за измени и дополненија на Законот за адвокатура.
- Претседателот на Република Македонија, Г-дин Бранко Црвенковски прими делегација на Адвокатска комора на РМ предводена од претседателот на УО, Г-дин Ненад Јаниќевиќ.
- Доделена Благодарница на претседателот на Собранието на Република Македонија, Г-дин Трајко Вељановски.
- Најави за одржување на традиционални адвокатски спортски игри.

***Септември***

- Остварена средба на Влада на Република Македонија со делегација на Адвокатска комора на Република Македонија предводена од претседателот на УО , Г-дин Ненад Јаниќевиќ.
- Остварена средба на претседателот на УО на Адвокатска комора на Република Македонија, Г-дин Ненад Јаниќевиќ, со Г-дин Миле Јанакиески, Министер за транспорт и врски.

- Заклучоци од семинар на тема "Како да се обезбеди квалитетот на правните услуги кои ги остваруваат адвокатите", одржан во соработка на Адвокатска комора на РМ, Германската фондација за меѓународна соработка ИРЗ и Германската Сојузна Адвокатска комора.
- Објавувено Извинување и барање за вонсудско решавање на спор од страна на Радован Чесмаџиски и објавени пресуди од Основен суд Скопје 1 Скопје и Апелациониот суд Скопје.
- Продолжува соработката на АКРМ и ОБСЕ - одржана серија на 15 обуки за Европските стандарди за правично судење во кривичните постапки, втемелени во Европската конвенција за човекови права и за практичните вештини и техники кои адвокатот на одбраната може да ги користи во кривичните постапки, на ниво на сите Адвокатски заедници во РМ.
- Адвокатски роковник за 2009 година.

***Октомври***

- Подготовка за одржување на манифестацијата "Адвокатите пеат, Новогодишен коктел и хит претставата Умри Машки", во просториите на Драмскиот Театар во Скопје.
- Објавено Известување од Министерството за внатрешни работи, каде е наведено дека во иднина нема потреба од склучување на договори за давање лични податоци, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци.
- Доделена Златна Плакета на Претседателот на Управниот одбор на АКРМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ, од страна на Адвокатската комора на Федерацијата на Босна и Херцеговина.
- Иницијативи на Советот на Адвокатската комора на РМ.
- Одржани третите традиционални спортски игри.




***Ноември***

- Донесени заклучоци од страна на Адвокатската комора на Република Македонија, по добиените барања за престанок на работа на адвокатите, од страна на повеќе Адвокатски заедници во РМ
- По барање на Адвокатска комора на РМ, Владата на РМ ги прифати ставовите на комората во однос на последните измени и дополнувања на Законот за адвокатура, односно ја прифати иницијативата на Комората за измена на Законот за Адвокатура.
- Информација за потребата од изменување на Законот за адвокатура.
- Одржан семинар на тема "Притвор пред судење" во организација на Адвокатска комора на Република Македонија.
- Избрани нови претседатели на Адвокатските заедници.

**На седница на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија одржана на ден 25 декември 2008 година донесена е Одлука за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност.**

**Со цел Ваше запознавање со направените измени, донесениот Правилник за измени и дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност интегрално го објавуваме.**

# ПРАВИЛНИК
## за измена и дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност

### Член 1

**Во член 12 после ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи :**

**"Вршење на дејност за време на објавен прекин на работа од страна на надлежен орган на комората".**

### Член 2

**Во член 14 став 2 после зборовите "член 12 став 1 алинеја 2 и 6" зборот "и" се брише, а наместо него се става запирка, а по зборовите "став 3 алинеја 1" се додаваат зборовите "и став 4".**

### Член 3

**Во членот 15 после ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи :**

**"Привремена забрана на вршење адвокатска дејност, на адвокатот задолжително ќе му се изрече во случај на покрената постапка за повреда од член 12 став 4 на овој правилник.**
**Досегашните ставови 6,7 и 8 стануваат ставови 7, 8 и 9.**

### Член 4

**Овој правилник стапува на сила со денот на негово донесување од Управниот одбор на АКРМ, а ќе биде објавен во гласилото на АКРМ "Информатор".**

Мој живот. Мое осигурување. Евролинк Осигурување АД Скопје

Евролинк Осигурување АД Скопје, Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат 1000 Скопје, Македонија, ИНФО БРОЈ 02 15115
Тел. (02) 32 31 623; (02) 32 31 623; Факс (02) 32 31 625; E-mail:eurolink@eurolink.com.mk, www.eurolink.com.mk

## ОДРЖАНА ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА АДВОКАТИТЕ ПЕАТ, НОВОГОДИШЕН КОКТЕЛ И ХИТ ПРЕТСТАВАТА УМРИ МАШКИ



Во просториите на Драмскиот Театар во Скопје на ден 26 декември 2008 година, повторно во духот на една убава традиција и во присуство на голем број на почитувани гости и уште поголем број на адвокати, Адвокатската комора на Република Македонија, ја одржа манифестацијата Адвокатите пеат и Новогодишен коктел.

Манифестацијата започна со можноста на сите присутни да уживаат во хит претставата Умри машки, како и прекрасната глума на актерите Бранко Ѓорчев, Јелена Жугиќ и Драган Спасов. Овој традиционален настан свечено го отвори и ги поздрави присутните гости претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на РМ, Ненад Јаниќевиќ. Во рамките на адвокатските креации, прв имаше можност да се претстави адвокатот Зоран Петковиќ Бакли, со изводок од својата прва книга Совети за подобро живеење и изводок од новата книга која е во штампање Македонија земја на мудроста и богатството. По завршувањето на промотивното читање, присутните љубители на адвокатските креации овој пат можеа да уживаат во музичкиот талент на нивните колеги пеачи.

Со свои настапи на манифестацијата Адвокатите пеат се претставија Никола Арсовски, адвокат од Скопје, Цветанка Глигорова адвокатски приправник од Кавадарци, Лидија Трајковска, поранешен адвокат, Венчеслав Јордановски, адвокат од Кочани, Никола Трајанов, адвокат од Скопје, Блажо Ристов адвокат од Радовиш и Коце Спасов, адвокат од Радовиш. Во одлично расположение, забавата продолжи со новогодишниот коктел се до доцните вечерни часови, со пријатни впечатоци кои ќе не оставаат во исчекување на следната ваква манифестација во која главни носители повторно се адвокатите.

*32 ГОДИНИ*




**ПОПУСТ ЗА АДВОКАТИ !!!**

- **третмани на лице и тело**
- **третмани за слабеење**
- **депилација**
- **маникир и педикир**
- **детокс**
- **акрилни нокти**

**Козметичкиот салон Полена работи исклучиво со реномирани производи од Далтон, Јансен, Афродита, Етребелле и Риор.**

**ул. Даме Груев бр. 1 - Градски ѕид**
**наспроти Собрание на Република Македонија**
**тел. 02 / 3223-116 тел. 075 / 28 44 11**

**COSMOFON**

**COSMOFON - Услуги на мобилна телефонија АД Скопје**
**Бул. К.Ј.Питу 15, 1000 Скопје, Македонија**
**тел. 02 - 244 - 1000; Факс: 02 244 1122**
**www.cosmofon.com.mk**

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СТРУЧНА СЛУЖБА**